Врз основа на член 111 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 236/22) и член 20 од Статутот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (скратен назив: НОМАГАС АД Скопје), по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија со Решение за одобрување на бр.11-1855/5 од 09.10.2023 година, Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје на шеснаесеттата седница, одржана на ден 24.10.2023 година, по точка 1 од дневниот ред, донесе

# ПРОГРАМА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА НОМАГАС АД СКОПЈЕ
# ВО ОДНОС НА ОБВРСКИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОПСТВЕНИЧКОТО РАЗДВОЈУВАЊЕ

## 1. Предмет и цел на Програмата

Со оваа Програма за усогласеност (во понатамошниот текст: Програма) се утврдуваат мерки со кои се обезбедува недискриминаторен, транспарентен, објективен однос на Операторот на системот за пренос на природен гас, Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (во понатамошниот текст: НОМАГАС АД Скопје) кон корисници на системот за пренос на природен гас, вклучително и мерки против коруптивно однесување, се дефинираат обврските на службеникот за усогласеност, членовите на одборот на директори и на вработените во реализацијата на Програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на НОМАГАС АД Скопје во однос на обврските за сопственичко раздвојување и други обврски утврдени со Законот за енергетика и оваа Програма.

Целта на оваа Програма е да се обезбеди недискриминаторно, транспарентно и објективно постапување на НОМАГАС АД Скопје кон корисниците на системот за пренос на природен гас.

## 2. НОМАГАС АД Скопје

### 2.1. Воведни информации

НОМАГАС АД Скопје е друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас и при вршењето на оваа дејност има обврска за обезбедување на јавна услуга на начин и под услови утврдени со закон. НОМАГАС АД Скопје не врши и е независно од вршењето на други енергетски дејности определени со Законот за енергетика. Основни цели и работни задачи на НОМАГАС АД Скопје се да обезбеди доверливо и сигурно функционирање на системот за пренос на природен гас и да придонесе за сигурност во снабдувањето со природен гас, преку обезбедување на сигурен, безбеден, економски исплатлив и квалитетен пренос и испорака на природен гас преку системот за пренос. НОМАГАС АД Скопје ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа за природен гас, управува со системот за пренос на природен гас, и обезбедува поврзување со други системи вклучувајќи и системи за пренос на природен гас на други држави.

НОМАГАС АД Скопје е основано со Одлуките за потврдување на Спогодбата за статусна промена – спојување на НЕР АД Скопје и ГА-МА АД – Скопје бр. 41-10965/5 и 41-10994/6 од 14.12.2022 година и Статутот на Друштвото („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.281/22) донесени од Владата на Република Северна Македонија, а е запишано во Трговскиот Регистар кој се води во рамки на Централниот регистар на Република Северна Македонија во Скопје на 30.12.2022 година.

НОМАГАС АД Скопје е сопственик на системот за пренос на природен гас што се состои од: гасоводна мрежа со придружни објекти на гасоводот, мерно-регулациони станици вклучувајки објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност пренос на природен гас.

НОМАГАС АД Скопје е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на природен гас со евидентен број ПГ-ОПС-02-2005 која е со рок на важност до 25 Октомври 2040 година.

НОМАГАС АД Скопје - Скопје учествува во Европската мрежа на оператори за пренос на природен гас (во понатамошниот текст: ЕНТСО-Г) во својство на набљудувач, од 2012 година.

За да се исполнат обврските од Законот за енергетика кои се однесуваат на сопственичко раздвојување на вршителите на енергетската дејност пренос на природен гас, се спроведе постапка за пренос на сопственоста на акциите од Владата на Република Северна Македонија согласно член 238 од Законот за енергетика. Владата на Република Северна Македонија на 01.08.2023 година донесе Одлука за пренос на акции од сопственост на Владата на Република Северна Македонија во сопственост на Министерството за економија бр.41-5705/4 од 01.08.2023 година, согласно која се изврши сопственичко раздвојување на НОМАГАС АД Скопје како оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија.

Акциите на НОМАГАС АД Скопје се во сопственост на Министерството за економија и истите се запишани во Централен депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија на ден 14.08.2023 година. Министерството за економија како единствен акционер во Собранието на акционери на НОМАГАС АД Скопје не смее да бара ниту да прифаќа упатства или насоки од Владата на Република Северна Македонија или друг државен орган.

Согласно Законот за енергетика НОМАГАС АД Скопје како носител на лиценца за пренос на природен гас не може да има лиценци и не може да биде вклучено во вршење на дејностите производство, организирање и управување со пазарот на природен гас, дистрибуција, трговија со природен гас или снабдување со природен гас. Согласно член 238 став (5) од истиот, Операторот на системот за пренос ја врши функцијата оператор на пазар на природен гас до определување на друштво на кое ќе му биде доделена лиценца за оператор на пазар гас.

### 2.2. Организациска структура на НОМАГАС АД Скопје

Управувањето на НОМАГАС АД Скопје е организирано според едностепен систем на управување (одбор на директори). Одборот на директори во рамките на овластувања определени со закон и статутот има најшироки овластувања во управувањето со НОМАГАС АД Скопје во рамките на предметот на работењето и во дејствувањето во сите околности од името на НОМАГАС АД Скопје со исклучок на посебните овластувања дадени на неизвршните членовите на одборот. Членовите на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје ги избира собранието на акционери НОМАГАС АД Скопје. Одборот на директори е составен од пет члена, од кои еден е извршен член и четири се неизвршни членови. Еден од неизвршните членови на одборот на директори е независен член. Од членовите избрани во одборот на директори, одборот на директори именува еден извршен член (извршен директор).

Министерството за економија е единствен акционер во Собранието на акционери на НОМАГАС АД Скопје. Со Собранието на акционери претседава министерот за економија или лице кое тој ќе го овласти / ополномошти.

### 2.3. Независност на операторот на системот за пренос на природен гас НОМАГАС АД Скопје

НОМАГАС АД Скопје како оператор на системот за пренос на природен гас управува со системот за пренос на природен гас и е одговорно за работењето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас, како и за поврзувањето со други системи за природен гас и обезбедувањето на долгорочната способност на системот за задоволување на разумните потреби за пренос на природен гас.

НОМАГАС АД Скопје како оператор на системот за пренос на природен гас во Република Северна Македонија е друштво кое:

- е сопственик на системот за пренос на природен гас,
- не е дел од вертикално интегрирано друштво,

- е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на природен гас,
- не врши и е независен од вршењето на други енергетски дејности определени со Законот за енергетика.

Со цел да се обезбеди независност на операторот на системот за пренос на природен гас, исто лице или лица немаат право во исто време:

- директно или индиректно да учествуваат во управувањето и надзорот со друштво коешто врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас и директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право со операторот на системот за пренос на природен гас,
- директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на системот за пренос на природен гас и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво коешто врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас, и
- да именува членови на одборот на директори на операторот на системот за пренос на природен гас и во исто време директно или индиректно управуваат или остваруваат друго право во друштво кое врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас.

Горенаведените ограничувања особено се однесуваат на користење на право на глас, избор и именување на членови на одбор на директори на НОМАГАС АД Скопје или поседување на мнозински удел.

Министерството за економија, како единствен сопственик на акциите на НОМАГАС АД Скопје, односно како акционерско собрание на друштвото, е самостојно при донесување на одлуки за избор на членови на одборот на директори на друштвото и не смее да прифаќа упатства или насоки од Владата или друг државен орган.

Членовите на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје:

- во постапката за донесување на одлуки согласно закон, не смеат да бараат ниту да прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган освен во случаите утврдени во Законот за енергетика, и
- не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на управување на друштва коишто вршат производство или снабдување/трговија со природен гас или друштва коишто имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

Како друштво што врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас се смета и друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување со електрична енергија. Како оператор на систем се смета и оператор на електропреносен систем.

**3. Мерки кои НОМАГАС АД Скопје ги применува за остварување на транспарентен, објективен и недискриминаторен однос кон корисниците на системот за пренос на природен гас**

Со цел да обезбеди транспарентност, објективност и спречување на дискриминаторно однесување во исполнувањето на обврската за обезбедување на јавна услуга, НОМАГАС АД Скопје во функција на оператор на системот за пренос на природен гас на територијата на Република Северна Македонија презема мерки за отстранување на секаков вид на дискриминација на корисниците на системот за пренос на природен гас и тоа:

- овозможува право на пристап, приклучување и користење на системот за пренос на природен гас согласно мрежните правила за пренос на природен гас, општите услови во договорите за приклучување на системот за пренос, каде се прецизирани условите и начинот на користење на системот за пренос на природен гас, како и надоместокот за користење на системот за пренос на природен гас, согласно лиценцата за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас со евидентен број ПГ-ОПС-02-2005,

  *(Административното водење на постапката за приклучување на барателот (корисникот) на системот за пренос на природен гас е во рамките на Секторот за мрежен инженеринг и технички работи, а самата постапка во НОМАГАС АД Скопје се спроведува од Секторот за мрежен инженеринг и технички работи,*

*Секторот за изградба на гасоводен систем, Сектор за правни работи и експропријација, Сектор за финансии и комерција, и Сектор за диспечерски центар.)*

- овозможува еднаков третман на сите корисници на системот за пренос на природен гас, односно при спроведување на постапки кои се однесуваат на услугите за набавка на природен гас за загуби, за сопствени потреби и услуги за балансирањето на системот ниту еден корисник нема да биде во повластена положба за сметка на друг корисник,
- да ги образложи и прецизно наведе причините поради кои е направено одбивање на барањето за пристап на системот за пренос на природен гас преку склучување на договор за пренос,
- да обезбеди јасни, прецизни, со образложение и во рок донесени одлуки за доделување право на користење на системот за пренос на природен гас донесени од страна на НОМАГАС АД Скопје.

  *(Административното водење на постапката за пристап на системот за пренос на природен гас е во рамките на Секторот за диспечерски центар, а самата постапка во НОМАГАС АД Скопје се спроведува од Секторот за диспечерски центар, Сектор за правни работи и експропријација, Сектор за финансии и комерција.)*

- *Горенаведените активности се спроведуваат согласно Правилата за набавка на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас, Правилата за балансирање, мрежните правила за пренос на природен гас, Правилата за пазар на природен гас и правилата за доделување на прекугранични капацитети за пренос на природен гас, усвоени од одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје и одобрени од Регулаторната комисија за енергетика. Постапките и активностите кои произлегуваат од овие правила ги спроведува Секторот за диспечерски центар, Сектор за правни работи и експропријација и Сектор за финансии и комерција.*
- да воспостави постапки за одлучување по приговори доставени од корисниците на системот за пренос и да не го спречува корисникот кој што не е задоволен од резултатот од постапката да достави приговор до Регулаторната комисија за енергетика,
- да гарантира доверливост на деловните податоци и информации и оневозможи злоупотреба на деловните тајни и информации кои што се добиени при вршење на дејноста пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас заради стекнување на деловна корист и да оневозможи преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица во согласност со Законот за пристап на информации од јавен карактер и Правилникот за видот на документите и податоците кои се сметаат за деловна тајна на НОМАГАС АД Скопје.

  *(Спроведувањето на овие активности, во НОМАГАС АД Скопје ги врши Службеникот за усогласеност во координација со соодветниот сектор кој ги поседува информациите.)*

### 3.1. Овозможување на транспарентен, објективен и недискриминаторен однос кон корисници на системот за пренос на природен гас од страна на НОМАГАС АД Скопје

НОМАГАС АД Скопје е должен во рамки на своето работење да постапува во согласност со Законот за енергетика, на начин што ќе обезбеди транспарентен, објективен и недискриминаторен пристап кон сите корисници на системот за пренос на природен гас, притоа не создавајќи повластена позиција на одредени корисници на системот за пренос на природен гас за сметка на останатите корисници на системот за пренос на природен гас.

НОМАГАС АД Скопје обезбедува еднаков третман на корисниците на системот за пренос на природен гас при следните активности/процеси:

- планирање и развој на мрежата за пренос на природен гас преку изградба на нови и надградба на постојните интерконективни капацитети со соседните држави, водејќи сметка за ефикасно искористување на постојните интерконективни капацитети и рамнотежа помеѓу инвестициските трошоци и придобивките за потрошувачите,
- објавување на податоци и навремено обезбедување на информации за расположливите преносни капацитети на интерконективните водови или транснационалните гасоводи, заради обезбедување на ефикасен, недискриминаторен, објективен и транспарентен пристап и користење на системот за пренос на природен гас,
- набавување на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас со цел да обезбеди сигурно и доверливо функционирање на системот за пренос на природен гас по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин,
- набавување на системски услуги за балансирање на системот за пренос на природен гас и обезбедување на балансирање на системот за пренос на природен гас и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање во однос на давателите и корисниците на услугите за балансирање како и обезбедување на пресметување, фактурирање и наплата на услугите за балансирање,
- обезбедување на инсталирање и одржување на мерни уреди за мерење протокот на природен гас на сите мерни места во точките за прием и испорака во системот за пренос и да ги достави податоците од мерењата до корисниците на системот,
- обезбедување на пристап на корисниците на системот за пренос на природен до мерните уреди што се во сопственост на НОМАГАС АД Скопје, и
- други активности и процеси, во насока на обезбедување на транспарентен, објективен и недискриминаторен пристап кон сите корисници на системот за пренос на природен гас, притоа не создавајќи повластена позиција на одредени корисници на системот за пренос на природен гас за сметка на останатите корисници на системот за пренос на природен гас.

### 4. Мерки против коруптивно однесување

Се забранува секаков вид на коруптивно однесување во рамки на НОМАГАС АД Скопје, односно, НОМАГАС АД Скопје ќе презема мерки за спречување на секаков вид на коруптивно однесување.

Коруптивно однесување на, член на одбор на директори, службеник за усогласеност или вработен опфаќа:

- директно или индиректно побарување или примање подарок или друга корист или примање ветување за подарок или друга корист за себе или за друг, за да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што морало да се изврши,
- давање, ветување или нудење подарок или друга корист за себе или за друг за да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што би морало да се изврши или лице што посредува при овие дејствија.

Секој вработен во НОМАГАС АД Скопје, член на одборот на директори, како и службеникот за усогласеност е должен, доколку дојде до сознанија или на било каков друг начин воочи ваков тип на однесување, истото да го пријави како коруптивно однесување.

### 5. Службеник за усогласеност

Реализацијата на оваа Програмата ја следи службеник за усогласеност во согласност со Законот за енергетика и Статутот на НОМАГАС АД Скопје.

За време на својот мандат, службеникот за усогласеност не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друштва од енергетскиот сектор или со нивните содружници или акционери.

Постапката за именување и разрешување, мандатот, делокругот на работа, работни обврски и овластувања, правата и обврските во однос на едукација и обука на вработените, забрана за вршење на друга професионална дејност, слободен пристап на информации на службеникот за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје е пропишана со Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на службеникот за усогласеност.

## 6. Обврски на вработените и членовите на одборот на директори

Членовите на одборот на директори и вработените во НОМАГАС АД Скопје, потпишуваат изјава со која потврдуваат дека се запознаени со содржината на оваа Програма и дека истата ќе ја применуваат.

Службеникот за усогласеност е должен да ги информира членовите на одборот на директори и вработените во НОМАГАС АД Скопје за секоја измена и дополнување на Програмата, при што тие потпишуваат изјава дека се запознаени со измените и дополнувањата на Програмата.

Службеникот за усогласеност континуирано го следи спроведувањето на Програмата и е должен да организира обука за членовите на одборот на директори и вработените во НОМАГАС АД Скопје во однос на спроведувањето на Програмата најмалку еднаш годишно.

Новоименуваните членови на одборот на директори  и новите вработени во НОМАГАС АД Скопје пред да започнат со нивниот мандат или вработување се должни да потпишат изјава со која потврдуваат дека се запознаени со содржината на оваа Програма и дека истата ќе ја применуваат.

Доколку некој член на одборот на директори или вработен во НОМАГАС АД Скопје дознае за прекршување на која било одредба на оваа програма, должен е веднаш да го извести Службеник за усогласеност.

## 7. Области во кои се следи усогласеноста

Службеникот за усогласеност, ја следи реализацијата на Програмата, од аспект на:

- независност, транспарентност, објективност и непристрасност во работењето на НОМАГАС АД Скопје,
- оневозможување на дискриминација на корисниците на системот за пренос на природен гас по било кој основ,
- доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за пренос на природен гас,
- координација и соработка на НОМАГАС АД Скопје со други оператори на системи за пренос на природен гас, размена на податоци со операторите на други системи за пренос на природен гас и учество во работата на регионални и меѓународни организации,
- едукација и информирање на членовите на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје и вработените на НОМАГАС АД Скопје во врска со постапување во согласност со начелата за независност, танспарентност и непристраност.

## 8. Начин на следење на усогласеноста

НОМАГАС АД Скопје е должен на службеникот за усогласеност да му ги даде на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање, да му овозможи пристап до сите простори и простории во кои ја врши својата дејност.

Службеникот за усогласеност е должен да постапува согласно одредбите од Законот за енергетика, оваа Програма, Статутот на НОМАГАС АД Скопје и Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на службеникот за усогласеност, согласно кои:

- го следи спроведувањето на Програмата и изработува годишен извештај за преземените мерки за нејзиното спроведување кој го доставува до Регулаторната комисија за енергетика,
- доставува извештаи до одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје и дава препораки во однос на Програмата и нејзината реализација,
- ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведувањето на Програмата.

Одборот на директори и раководните лица на НОМАГАС АД Скопје се должни да го повикаат службеникот за усогласеност да присуствува на сите закажани состаноци и да му ги достават сите потребни материјали, а особено кога се одлучува за:

- условите поврзани со услугите за пристап и користење на системот за пренос на природен гас, а особено во однос на надоместоците за користење, доделувањето на преносниот капацитет иуправувањето со загушувањата,
- проекти поврзани со управувањето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и инвестициите во приклучоците и во интерконективните капацитети, и
- набавка или продажба на природен гас неопходен за функционирање на системот за преносна природен гас, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.

## 9. Завршни одредби

Оваа Програма претставува акт на НОМАГАС АД Скопје и има задолжителна примена за членовите на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје, вработените во НОМАГАС АД Скопје и службеникот за усогласеност.

Оваа Програма ќе се објави на огласните табли на НОМАГАС АД Скопје и на веб страницата на НОМАГАС АД Скопје.

Сите измени и дополнувања на оваа Програма се спроведуваат во иста постапка со која Програмата се донесува.

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува со денот на одобрувањето од страна на Регулаторната комисија за енергетика.